## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЗАОСТАНАТИТЕ КОЛИЧИНИ НА ЃУБРИЊА И СУРОВИНИ КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ПРЕФОРМУЛИРААТ, ОД КОИ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ЃУБРИЊА, КАКО И НИВНИТЕ ПАКУВАЊА, ЗАРАДИ СОБИРАЊЕ, СМЕСТУВАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на евидентирање на ѓубрињата на заостанатите количества од ѓубрива и суровини кои не можат да се преформулираат, од кои не може да се произведуваат ѓубрива, како и нивните пакувања, заради собирање, сместување и уништување на пропишан начин.

**Член 2**

Евидентирањето на заостанатите количини ѓубрива, суровини и пакувања на ѓубрива се врши на начин со кој се утврдуваат:

- видот на заостанатите количини на ѓубрива суровини и пакувања на ѓубрива;
- количините на заостанатите ѓубрива, суровини и пакувања на ѓубрива; и
- адресите или локациите на кои се сместени заостанатите количини на ѓубрива, суровини и пакувања на ѓубрива.

**Член 3**

При евиденцијата заостанатите количини на ѓубрива, суровини и пакувања на ѓубрива, се сместуваат во магацински простор, одвоено од другите ѓубрива, суровини и пакувања на ѓубрива, чија подлога и зидови се изолирани со керамички плочки заради заштита од влага а плафонот е изолиран со мрсна боја заради заштита од штетни микроорганизми (загадувачи); има соодветна вентилација, обезбедена со филтри заради проветрување; температурата во просторијата е од $8^0$ C до $18^0$C; има услови за одржување на влага 40% минимална до максимално 50%; и вратата херметички се затвора.

**Член 4**

Лицата кои се вклучени во постапката на евидентирање на заостанатите количини на ѓубрива, суровини и пакувања на ѓубрива треба да бидат опремен со: заштитна облека– комбинизон; заштитни очила, или заштита за очите во комбинација со заштитната маска за дишење; соодветни ракавици; соодветни чизми; и заштитна капа.

**Член 5**

При евидентирањето заостанатите количини на ѓубрива и суровини на ѓубрива од кои не можат да се произведуваат ѓубрива, треба да бидат сместени во магацински простор за натамошно уништување.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-471/3 | Министер за земјоделство, |
| јули 2011 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски**, с.р. |